**ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Правилник за употреба на логото и на знакот за акредитација, повикување на акредитацијата и повикување на статусот на ИАРСМ како потписник на EA MLA, ILAC MRA и IAF MLA договорите

***Regulation on Requirements for use of the logo and the accreditation mark, reference to accreditation and reference to IARNM's EA MLA, ILAC MRA and IAF MLA Signatory status***

**Акт: P 05**

Врз основа на член 14 став 1 алинеа 1 од Законот за акредитација („Сл. весник на Република Македонија“ бр.120/09) и член 13 став 2 од Статутот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 септември 2024 година донесе:

# Правилник
# за употреба на логото и на знакот за акредитација, повикување на акредитацијата и повикување на статусот на ИАРСМ како потписник на EA MLA, ILAC MRA и IAF MLA договорите

## 1. Општи одредби

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува: изгледот и начинот на употреба на логото на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: ИАРСМ), изгледот и правилата за употреба на знакот/симболот за акредитација, правилата за повикување на акредитацијата, како и правилата за повикување на статусот на ИАРСМ како потписник на EA MLA*, ILAC MRA и IAF MLA договорите**

*ИАРСМ потпиша Мултилатерален договор за меѓусебно признавање на еквивалентноста на системот за акредитација (EA MLA) со Европската организација за акредитација (EA) за следниве области на акредитација:

- Лаборатории за тестирање
- Лаборатории за калибрација
- Медицински лаборатории
- Инспекциски тела и
- Сертификациони тела за производи, процеси и услуги и
- Сертификациони тела за системи за управување (менаџмент системи).

Со потпишувањето на EA MLA договорот ИАРСМ стекна право и обврска да се повикува на EA MLA потписничкиот статус за горенаведените области.

**ИАРСМ е потписник и на Договорот за меѓусебно признавање на еквивалентноста на системот за акредитација во рамки на ILAC (ILAC MRA) за следниве области на акредитација:

- Лаборатории за тестирање
- Лаборатории за калибрација
- Медицински лаборатории
- Инспекциски тела.

ИАРСМ има потпишано Договор за употреба на знакот на ILAC-MRA (Licence Agreement). Со потпишувањето на овој договор ИАРСМ има право да го користи комбинираниот знак на ILAC за лаборатории и инспекциски тела и да го пренесува/признава правото на акредитираните лаборатории и инспекциски тела, по пат на потпишување на Договор за употреба на комбинираниот знак на ИАРСМ и ILAC MRA знакот помеѓу ИАРСМ и акредитираните лаборатории за тестирање, лаборатории за калибрација, медицински лаборатории и инспекциски тела (ОБ 05-26-1). Овој договор всушност е договор за подлиценцирање (Sub Licence Agreement) со кој

на акредитираното тело, ИАРСМ делумно му го пренесува/признава правото на употреба на комбинираниот знак, согласно ILAC-R7:05/2015 и ILAC-P8:03/2019. Условите за употреба на ILAC MRA знакот се дадени во Прилог 6.

ИАРСМ е потписник и на Договорот за меѓусебно признавање на еквивалентноста на системот за акредитација во рамки на IAF (IAF MLA) за акредитација на:

- Тела за сертификација на производи;
- Тела за сертификација на системи за управување (QMS, EMS и OH&SMS).

ИАРСМ потпиша Договор за употреба на знакот на IAF MLA (Licence Agreement). Со потпишувањето на овој договор ИАРСМ стекна право да го користи комбинираниот знак на IAF и да го пренесува/признае правото на акредитираните тела за сертификација на производи, по пат на потпишување на Договор за употреба на IAF MLA знакот помеѓу ИАРСМ и акредитирано тело за сертификација (ОБ 05-26-2). Овој договор е договор за подлиценцирање со кој на акредитираното тело ИАРСМ делумно му го пренесува правото на употреба на комбинираниот знак, согласно IAF ML 2:2016.

Условите за употреба на IAF MLA знакот од страна на ИАРСМ, како и користењето на комбинираниот знак од страна на акредитираните тела за сертификација се дадени во Прилог 7.

## 2. Дефиниции

**Член 2**

„Лого на акредитационото тело е лого кое акредитационото тело го употребува како заштитен визуелен знак за негова идентификација“.

„Знак/Симбол за акредитација е знак издаден од акредитационото тело и доделен на акредитираните тела за оцена на сообразност, со цел да упатува на нивниот акредитиран статус“.

„Повикување/референца на акредитација е текст или изјава што ја употребуваат акредитираните тела за оцена на сообразност кога се повикуваат/референцираат на својата акредитација“.

„Повикување/референца на EA MLA потписничкиот статус е текст или изјава што ја употребува ИАРСМ или акредитираните тела за оцена на сообразност кога се повикуваат/реферираат на статусот на ИАРСМ како потписник на EA MLA договорот“.

## 3. Лого и знак за акредитација на ИАРСМ

**Член 3**

**Опис на логото**

ИАРСМ има свое лого. Логото е заштитен знак на ИАРСМ чиј концепт на дизајн стилизирано го претставува името на ИАРСМ. Логото е изработено како визуелен заштитен знак на Институтот и претставува комбинација на стилизирани големи ракописни букви „И”, „А” и „М” на кирилично писмо. Логото е акроним од почетните букви на зборовите: „Институт”, „Акредитација” и „Македонија”, кои се содржани во полниот назив на институцијата.Логото е изработено во основна црна боја на бела позадина, во црно бела боја негатив и во црвена боја. Точниот опис и спецификација на боите е даден во прилозите на овој Правилник. Логото е изработено во векторски формат во CDR (Corel Draw) формат и во битмапирана форма во: JPG.

Формата, изгледот, стилот на буквите и боите на логото на ИАРСМ се дадени во Прилог 1, Прилог 1А и Прилог 1Б, кои се составни делови на овој Правилник.

**Употреба и заштита на логото**

**Член 3-а**

Само ИАРСМ има право да го употребува логото. Логото се употребува на документите од менаџмент системот на ИАРСМ, на други документи поврзани со акредитациските активности, како што се меморандуми, извештаи, сертификати и слично, во промотивен материјал, на ознаки, презентации и друго, а кои материјали или добра се поврзани или произлегуваат од тековното работење.

Логото се употребува и на визит-карти изработени со податоци за вработените во ИАРСМ.

ИАРСМ пропорционално го зголемува или намалува логото, во зависност од начинот на неговата употреба во избрана боја.

Логото на ИАРСМ се регистрира како трговска марка и законски се заштитува при надлежниот орган за заштита на права од индустриска сопственост.

**Знак за акредитација**

**Член 4**

ИАРСМ има знак/симбол за секоја од следниве акредитациони шеми: акредитација на лаборатории за тестирање, медицински лаборатории, лаборатории за калибрација, инспекциски тела и сертификациони тела за системи за управување, сертификациони тела за производи и сертификациони тела за лица.

Секој поединечен знак за акредитација е сопственост на ИАРСМ и како таков се регистрира како трговска марка и законски се заштитува при надлежниот орган за заштита на права од индустриска сопственост

ИАРСМ го издава знакот за акредитација на акретитираните тела за оцена на сообразност, со цел да упатува на нивниот акредитиран статус.

ИАРСМ има и комбиниран знак што го издава на барање на тела кои имаат добиено акредитација за повеќе активности.

## 4. Форма, содржина и боја на знаците за акредитација на ИАРСМ

**Член 5**

Формата и содржината на знаците за акредитација се дадени во Прилогот 3, а описот на боите во Прилогот 4, кои се составен дел на овој Правилник.

**Член 6**

Знакот за акредитација е комбинација на логото на ИАРСМ, акредитираната активност (тестирање, калибрација, инспекција и сертификација), соодветниот стандард за акредитација и бројот на сертификатот за акредитација.

Знакот за акредитација е впишан во правоаголна форма со димензии 50х35мм.

Комбинираниот знак за акредитација е комбинација на логото на ИАРСМ, акредитираните активности (пр. тестирање - инспекција), соодветните стандарди за акредитација и броевите на сертификатите за акредитација.

Комбинираниот знак за акредитација е впишан во квадрат со димензии 50х50 мм.

Големината на знаците може пропорционално да се зголемува или намалува, во зависност од начинот на нивната употреба.

## 5. Општи правила за повикување на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ
### 5.1 Повикување на EA MLA потписничкиот статус од страна на ИАРСМ

**Член 7**

ИАРСМ се повикува на EA MLA потписничкиот статус за лаборатории за тестирање, лаборатории за калибрација, медицински лаборатории, инспекциски тела, сертификациони тела за производи, процеси и услуги и сертификациони тела за системи за управување (менаџмент системи).

На сертификатите за акредитација што ИАРСМ ги издава на акредитираните тела од областите наведени во претходниот став на овој член, веднаш до логото на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија е содржана изјава „EA MLA потписник". Сертификатот е даден во Прилог 4, које составен дел на овој Правилник.

ИАРСМ се повикува на EA MLA потписничкиот статус и во своите промотивни материјали и во публикациите што ги издава, а се однесуваат на областите наведени во став 1 на овој член.

### 5.2 Повикување на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ од страна на акредитираните тела

**Член 8**

ИАРСМ им дава право на акредитираните тела да се повикуваат на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ, под следниве услови:

- акредитираните тела имаат право да се повикуваат на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ само за областите за акредитација за кои ИАРСМ има потпишан EA MLA договор, наведени во т.5.1 на овој Правилник и
- на документите коишто ги издава акредитираното тело во кои тоа се повикува на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ, веднаш до знакот за акредитација или текстуалното повикување на акредитацијата треба да стои следниов текст: „ИАРСМ е EA MLA потписник за оваа акредитирана активност (пр. тестирање, инспекција и тн.)".

## 6. ILAC MRA Договор и IAF MLA Договор

**Член 9**

Користењето на комбинираниот знак на ILAC за акредитираните лаборатории за тестирање, лаборатории за калибрација, медицински лаборатории и инспекциски тела е во согласност со документите: ILAC-P8:-03/2019 ILAC Mutual Recognition Arrangement (Arrangement): Supplementary Requirements for the Use of Accreditation Symbols and for Claims of Accreditation Status by Accredited Conformity Assessment Bodies и ILAC-R7:05/2015 Rules for the use of the ILAC MRA Mark.**

Начинот на користење на комбинираниот знак на IAF MLA за ИАРСМ и акредитираните тела е во согласност со IAF ML 2:2016 General Principles on Use of the IAF MLA Mark.

## 7. Употреба на знакот за акредитација, повикување на акредитацијата и повикување на статусот на ИАРСМ како потписник на EA MLA договорот од страна на акредитираните тела

### 7.1 Општи правила

**Член 10**

Со доделување на акредитацијата, акредитираното тело стекнува право да се повикува на акредитацијата и да го употребува знакот за акредитација за акредитираните активности опфатени со опсегот на акредитацијата. Употребата на знакот за акредитација односно повикување на акредитираниот статус во крајните извештаи/сертификати кои се резултат на активноста за оцена на сообразност е задолжителна, освен ако тоа не е забрането или на друг начин регулирано од страна на регулаторот (во области каде акредитацијата е предуслов за овластување).

Покрај тоа, телото за оцена на сообразност добива право за повикување на статусот на ИАРСМ како потписник на EA MLA договорот за областите за кои ИАРСМ го има потпишано договорот.

**Член 11**

При репродукција знакот за акредитација мора да се користи само во позитив. Бојата треба да е идентична со бојата дефинирана во Прилог 4, што е составен дел на овој Правилник или да се користи во црно – бела варијанта.

Знакот за акредитација се става само во комбинација со логото или со името на акредитираното тело. Логото или името на акредитираното тело треба да биде поистакнато (bolder type) од знакот за акредитација.

Повикувањето на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ мора да е во согласност со условите наведени во член 8.

**Член 12**

Кога наместо знакот за акредитација, акредитираното тело со референца се повикува на акредитацијата од ИАРСМ, мора да го користи следниот текст: „Акредитирано тело од ИАРСМ за:................................. (по двете точки да се наведе акредитираната активност/стандардот за акредитација), под број (во продолжение да се наведе бројот на сертификатот за акредитација)“..

Повикувањето на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ мора да е во согласност со условите наведени во член 8 на овој Правилник.

**Член 13**

Акредитираното тело кое има добиено акредитации за повеќе активности може да користи повеќе знаци за акредитација или комбиниран знак за акредитација.

Акредитираното тело од став 1 на овој член, при издавање на документите од своите активности, мора јасно и недвосмислено да наведе кој резултат за која акредитирана активност се однесува.

Повикувањето на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ мора да е во согласност со условите наведени во член 8.

Доколку една од акредитираните активности не е во области кои се покриени со EA MLA, истото треба да се нагласи.

## 7.2 Извештаи и сертификати

### 7.2.1 Општи правила

**Член 14**

Акредитираните тела, како што е наведено во член 10, мора да се повикуваат на акредитацијата или да го употребуваат знакот за акредитација, а исто така може и да

се повикуваат на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ во документите кои ги издаваат од акредитираните активности, како што се извештаи и сертификати (вклучувајќи и електронски извештаи и сертификати).

Акредитираните тела можат во извештаите и сертификатите да ги стават, покрај резултатите од акредитираните активности, и резултатите од неакредитираните активности, но тие мора да бидат јасно означени, односно до нив мора да стои текст „неакредитирани”.

Акредитираните тела, кои се исто така и сертифицирани од сертификационо тело, не смеат да го стават логото на сертификационото тело кога известуваат за акредитираните активности.

### 7.2.2 Специфични правила

**Член 15**

Доколку акредитираните тела при извршување на дел од активностите за оцена на сообразност ангажирале поддоговарач (outsourcing, реферална лабораторија), во извештаите/сертификатите, покрај повикуваерт на акредитацијата, односно користењето на знакот за акредититација, може да се повикаат и на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ, но со јасна назнака на активностите кои ги изведувал поддоговарачот.

Поддоговарачот мора да биде тело акредитирано од страна на ИАРСМ или од страна на MLA потписник, но во извештаите/сертификатите не смее да се користи знакот за акредитација или повикувањето на акредитацијата на поддоговарачот.

*ЗАБЕЛЕШКА: Лабораториите за калибрација може да ангажираат поддоговарач за дел од активностите - само за области во рамките на опсегот на акредитираните активности.*

**Член 16**

Стандардот МКС EN ISO/IEC 17025, исто така, одредува барања за давање на мислења и толкувања во лабораториските извештаи, сепак ИАРСМ не нуди акредитација за ваква дејност.

Кога еден извештај од тестирање содржи мислења и толкувања тогаш на видно место близу до искажаното мислење и толкување, треба да стои текст: „Мислењата/толкувањата, дадени во овој извештај, не се дел од опсегот на акредитацијата”. Покрај тоа, мислењата/толкувањата може да се издадат и на посебен документ, што не е дел од извештајот и не содржи знак за акредитација или повикување на акредитацијата.

Доколку е потребно за интерпретација на резултатот од тестирање, извештаите на акредитираните лаборатории, покрај другото, може да содржат изјава за усогласеност/неусогласеност со барањата и/или спецификациите (дефинирани во нормативните документи). Лабораторијата мора да ја документира основата врз која се темели изјавата за усогласеност/неусогласеност. Овие изјави не се третираат како мислење и толкување и спаѓаат во акредитираниот опсег на акредитација. Во овој случај извештаите може да го содржат знакот за акредитација или да се повикуваат на акредитацијата без посебно означување на изјавата.

**Член 17**

Кога со опсегот на акредитација се опфатени и тестирања/калибрирања надвор од просториите на акредитираната лабораторија, важат истите правила за употреба на

знакот за акредитација, повикувањето на акредитацијата и повикувањето на ЕА MLA потписничкиот статус на ИАРСМ како за тестирања/калибрации извршени во постојаните лаборатории.

**Член 18**

Означувањето на калибрираната опрема или инспектираниот предмет со знакот за акредитација на калибрационата или инспекциската етикета на акредитираната калибрациона лабораторија или инспекциско тело е дозволено, но само за опремата/предметот која/кој е калибрирана/инспектиран во акредитираниот опсег, со јасна назнака на датумот на калибрација/инспектирање и сертификатот/извештајот за калибрација/инспекција.

**Член 19**

Акредитирани тела за сертификација за опсегот за кои се акредитирани наведен во Прилогот на сертификатот за акредитација, не смеат да издаваат сертификати без знак за акредитација или повикување/текстуална референца на акредитацијата.

## 7.3 Документи и промотивен материјал

**Член 20**

Акредитираните тела може да се повикуваат на акредитацијата и да го употребуваат знакот за акредитација и на други документи, како што се: информативен материјал, понуди и слично, само кога тие документи, и во најмал дел, се однесуваат за услугите за кои се акредитирани. Во тој случај активностите за оцена на сообразност коишто не се акредитирани задолжително треба да бидат јасно и недвосмислено идентификувани.

Знакот за акредитација е дозволено да се користи и во просториите на акредитираните тела (на ѕид, на врата или на изложбено пано), само во комбинација со логото на акредитираното тело.

**Член 21**

Кога акредитираните тела сакаат да го употребат знакот за акредитација или да се повикаат на акредитацијата во документ различен од горенаведените, треба да побараат одобрување од ИАРСМ.

## 7.4 Интернет страна

**Член 22**

Акредитираните тела може да го употребуваат знакот за акредитација и да се повикуваат на акредитацијата и на својата интернет страна. Кога наместо знакот за акредитација, акредитираното тело се повикува на акредитацијата од ИАРСМ, мора да го користи следниот текст: „Акредитирано тело од ИАРСМ за:................................. (по двете точки да се наведе акредитираната активност/стандардот за акредитација), под број (во продолжение да се наведе бројот на сертификатот за акредитација)“.

## 8. Ограничување на употребата на знакот за акредитација, повикувањето на акредитацијата и повикувањето на ЕА MLA потписничкиот статус на ИАРСМ

**Член 23**

Повикување на акредитација или употреба на знакот за акредитација е строго забрането за неакредитирани тела.

Акредитираното тело не смее да ги доведе во заблуда корисниците на услугите во однос на опсегот на акредитацијата.

Повикување на акредитација или употреба на знакот за акредитација не е дозволено на извештаи/сертификати од акредитирани тела, кои содржат само резултати од активности кои не се во опсегот на акредитацијата.

Акредитираното тело не смее да се повикува на акредитацијата или да го употребува знакот за акредитација на начин кој би имплицирал дека ИАРСМ е одговорен за точноста на резултатите издадени од акредитираната лабораторија за калибрација и тестирање или акредитираното инспекциско тело, ниту пак за одлуките за сертификација на акредитираните сертификациони тела.

Акредитираното тело не смее да се повикува на акредитацијата или да го употребува знакот за акредитација на начин кој би имплицирал дека ИАРСМ одобрува еден производ, калибриран инструмент или тестиран/инспектиран примерок.

Забрането е акредитираното тело или организацијата на која припаѓа (матичната организација) да го користи знакот за акредитација на меморандум или друг документ, доколку во документот не се споменува акредитираната активност (активноста за оцена на сообразност којашто е во акредитираниот опсег на ТОС).

## Член 24

Повикувањето на потписничкиот статус на ИАРСМ кон EA MLA договорите, на меморандумите и други канцелариски материјали на акредитираните тела не е дозволено.

## Член 25

Визит картите на вработените во акредитирано ТОС не смеат да го содржат знакот за акредитација, знакот ILAC MRA и/или IAF MLA, повикување на акредитацијата или статусот на ИАРСМ како потписник на EA MLA, ILAC MRA и/или IAF MLA договорите.

Знакот за акредитација не смее да се истакнува на згради, знамиња и на возила на акредитираните тела, освен ако возилото е исклучиво наменето за изведба на акредитирани активности (пр. мобилна лабораторија).

## Член 26

Кога една организација своите активности ги извршува на повеќе локации, а е акредитирана за една или повеќе локации, тогаш само локациите кои се акредитирани може да се повикуваат на акредитацијата и да го користат знакот за акредитација.

Кога организацијата издава еден заеднички документ, тогаш на документот близу до знакот за акредитација треба да стои текст: „Листата на акредитираните локации и опсегот на акредитација може да се добијат на барање на странката”.

## Член 27

Кога една организација се состои од повеќе претставништва, а е акредитирано само едно или неколку претставништва, тогаш само претставништвата кои се акредитирани може да се повикуваат на акредитацијата и да го користат знакот за акредитација.

Кога се издава општ, заеднички документ од организацијата, тој мора да ја содржи и листата на акредитираните претставништва.

**Член 28**

Акредитираното тело мора да ги информира своите засегнати клиенти за суспендирањето, скратувањето или повлекувањето на акредитацијата и последиците поврзани со тоа, без непотребно одложување.

Акредитираното тело кое е под суспензија, веднаш мора да престане да издава документи кои го носат знакот за акредитација и да се повикува на акредитацијата или се повикуваaат на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ, за активностите кои се под суспензија, сѐ додека трае суспензијата.

**Член 29**

По повлекувањето на акредитацијата, акредитираното тело мора веднаш да престане со повикување на акредитацијата или со издавање на документи кои го содржат знакот за акредитација или се повикуваaат на EA MLA потписничкиот статус на ИАРСМ.

## 9. Повикување на акредитацијата и употреба на знакот за акредитација од страна на корисниците на услугите на акредитираните тела

### 9.1 Општи правила

**Член 30**

Корисниците на услугите на акредитираните тела не смеат да се повикуваат на статусот на ИАРСМ како потписник на EA MLA договорот. Акредитираните тела се одговорни за употребата на знакот за акредитација и повикувањето на акредитацијата од страна на нивните корисници на услуги. Доколку им дозволат употреба, мора да имаат сопствена политика и процедури во кои се поставени условите под кои на корисниците на нивните услуги им се дозволува повикување на акредитацијата и употребата на знакот за акредитација.

Процедурите од став 1 на овој член треба да се на располагање на корисниците на услугите на акредитираните тела.

### 9.2 Корисници на услуги на акредитирани лаборатории

**Член 31**

Акредитираните лаборатории може да им дозволат на корисниците на нивните услуги делумна репродукција на сертификатите за калибрација или извештаите од тестирање.

Акредитираните лаборатории мора да ги специфицираат условите под кои извештаите од тестирањата/калибрациите може да бидат репродуцирани или интегрирани во промотивните материјали на корисникот на услугата.

### 9.3 Корисници на услугите на акредитирано тело за сертификација

**Член 32**

Корисниците на услугите на акредитираното сертификационо тело, знакот за акредитација можат да го користат само во комбинација со знакот на сертификационото тело.

### 9.3.1 Корисници на услугите на акредитирано тело за сертификација на системи за управување

**Член 33**

Акредитирано тело за сертификација на системи за управување не смее да им дозволи на своите корисници на услуги да го ставаат знакот за акредитација и знакот на сертификационото тело на производи или на нивната амбалажа.

Кога корисник на услугите на акредитираното сертификационо тело е лабораторија/инспекциско тело, без оглед дали се акредитирани или не, тогаш телото не смее да дозволи лабораторијата/инспекциското тело да го користи знакот за акредитација на сертификационото тело и знакот на сертификационото тело на извештаите од тестирање/инспекција или калибрационите сертификати кои тие ги издаваат, бидејќи таквите извештаи/сертификати се сметаат како производ на лабораториските/инспекциските активности.

Во случај на сертификација на системи за управување во областа на услуги, сертифицираното тело не смее да го користи знакот за акредитација и знакот на сертификационото тело на кој било производ, поврзан со дадената услуга.

### 9.3.2 Корисници на услуги на акредитирано тело за сертификација на производи

**Член 34**

Акредитирано тело за сертификација на производи може да им дозволи на своите корисници на услуги да го користат знакот за акредитација и на производот или на неговата амбалажа, но само во комбинација со знакот на сертификационото тело.

### 9.3.3 Корисници на услуги на акредитирано тело за сертификација на лица

**Член 35**

Лицата сертифицирани од акредитирано сертификационо тело за лица не смеат да го користат знакот за акредитација на сертификационото тело.

Тие можат да го демонстрираат својот сертифициран статус преку сертификатот издаден од акредитираното сертификационо тело.

## 10. Неправилна употреба на знакот за акредитација или неправилно повикување на акредитацијата

**Член 36**

Во случај на неправилна употреба на знакот за акредитација или на неправилно повикување на акредитацијата од страна на акредитираното тело, ИАРСМ ќе идентификува несообразност, за која е потребно да се преземат корективни мерки или при потешка злоупотреба ќе ја суспендира или повлече акредитацијата.

Во случај на злоупотреба на знакот или повикувањето на акредитацијата од страна на неакредитирано тело, ИАРСМ ќе го извести надлежниот орган за покренување на истрага и ако е потребно ќе покрене соодветна постапка пред надлежниот суд.

ИАРСМ јавно ќе го објави случајот на злоупотреба.

## 11. Завршни одредби

**Член 37**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за употреба на знакот за акредитација, повикување на акредитацијата и повикување на статусот на ИАРСМ како потписник на EA MLA, ILAC MRA и IAF MLA договоритедонесен на 31.05.2022 година.

**Член 38**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Датум:**
**20 септември 2024 година**

**Претседател на Советот на ИАРСМ,**
**проф. д-р Павле Секуловски с.р.,**

Референтни документи:

- Закон за акредитација; ("Службен весник на РМ" бр.120/09)
- МКС EN ISO/IEC 17011:2018 - Оцена на сообразност - Општи барања за телата за акредитација кои акредитираат тела за оцена на сообразност;
- Р03 - Правилник за процедурата на акредитација;
- EA-3/01 M: 2021, EA Conditions for theuse of Accreditation Symbols, Logosand other claimsofaccreditation and referenceto theEA MLA Signatory status;
- ILAC-P8:11/2023, ILAC Mutual Recognition Arrangement – Supplementary Requirements for the use of Accreditation Symbols and for Claims of Accreditation Status by Accredited Conformity Assessment Bodies;
- ILAC-R7:05/2015, Rules for the Use of the ILAC MRA Mark;
- ILAC R7-F1, Agreement for the use of the ILAC MRA Mark;
- IAF ML 2:2023, General principles on the use of the IAF MLA mark;
- IAF PL 8:2023, Rules for the Use of the IAF Logo;
- ILAC-R4:10/2016, Use of the ILAC Logo and Tagline,
- EA- 1/19 A-AB:2022, Rules for Use of the EA logo

Прилози:

- Прилог 1-Форма и изглед на логото на ИАРСМ во црна боја на бела основа
- Прилог 1 А- Форма и изглед на логото на ИАРСМ во црна бела боја во негатив
- Прилог 1 Б- Форма и изглед на логото на ИАРСМ во црвена боја
- Прилог 2 - Комбинирани знаци за употреба на ИАРСМ
- Прилог 3-Форма и содржина на знаците за акредитација на ИАРСМ
- Прилог 4 – Опис на боите на знаците за акредитација на ИАРСМ
- Прилог 5 – Сертификати за акредитација со повикување на EA MLA, IAF MLA и ILAC MRA потписнички статус на ИАРСМ
- Прилог 6 - Услови за употреба на ILAC MRA-знакот
- Прилог 7 - Услови за употреба на IAF MLA знакот

**Прилог 1**

| Прилог 1<br><br>Форма, изглед на логото на ИАРСМ во 100% црна боја на бела основа |
|---|
| |

**Прилог 1 А**

| Прилог 1 А<br><br>Форма, изглед на логото на ИАРСМ во црна бела боја во негатив |
|---|
| |

## Прилог 1 Б

Прилог 1 Б

Форма, изглед на логото на ИАРСМ во црвена боја

- Техничка спецификација на боите на логото во CMYK:
- C 22%,
- M 100%,
- Y 77%,
- K 12%

## Прилог 2

Комбиниран знак за употреба од страна на ИАРСМ (логото на ИАРСМ и знакот на ILAC)

Комбиниран знак за употреба од страна на ИАРСМ (логото на ИАРСМ и знакот на IAF)

**Прилог 3**

| Прилог 3<br><br>Форма и содржина на знаците за акредитација на ИАРСМ | |
|---|---|
| Тестирање<br>МКС EN ISO/IEC 17025<br>ЛТ – XXX<br>Testing | Знак за акредитација за лаборатории за тестирање |
| Калибрација<br>МКС EN ISO/IEC 17025<br>ЛК – XXX<br>Calibration | Знак за акредитација за лаборатории за калибрација |
| Сертификација<br>МКС EN ISO/IEC 17065<br>СТ - XXX<br>Certification | Знак за акредитација на сертификациони тела за сертификација на производи, процеси и услуги |
| Сертификација<br>МКС EN ISO/IEC 17021-1<br>СТ - XXX<br>Certification | Знак за акредитација на сертификациони тела за сертификација на системи за управување |
| | Знак за акредитација на сертификациони тела |

| | |
|---|---|
| Сертификација<br>МКС EN ISO/IEC 17024<br>СТ – XXX<br>Certification | за сертификација на лица |
| Инспекција<br>МКС EN ISO/IEC 17020<br>ИТ – XXX<br>Inspection | Знак за акредитација за инспекциски тела |
| Тестирање<br>МКС EN ISO 15189<br>МЛ - XXX<br>Testing | Знак за акредитација на медицински лаборатории |
| Форма и содржина на знакот на ИАРСМ за акредитации во повеќе активности (пример) | |
| Инспекција - Тестирање<br>МКС EN ISO/IEC 17020<br>ИТ – XXX<br>МКС EN ISO/IEC 17025<br>ЛТ – XXX<br>Inspection - Testing | Знак за акредитација на акредитирано инспекциско тело и лабораторија за тестирање |

Објаснување:
XXX: реден број од 001 до 999

## Прилог 4

Прилог 4

Опис на боите на знаците за акредитација на ИАРСМ




- Бела
  - HEX: #FFFFFF
  - RGB: R255, G255, B255
  - CMYK: C0, M0, Y0, K0
  - PANTONE: -
- Црна
  - HEX: #000000
  - RGB: R0, G0, B0
  - CMYK: C0, M0, Y0, K100
  - PANTONE: Black 6 C
- Светло сива
  - HEX: #838689
  - RGB: R131, G134, B137
  - CMYK: C51, M41, Y40, K5
  - PANTONE: Cool Gray 8 c
- Темно сива
  - HEX: #585a5c
  - RGB: R88, G90, B92
  - CMYK: C64, M55, Y52, K27
  - PANTONE: 425 C
- Темно црвена
  - HEX: #992829
  - RGB: R153, G40, B41
  - CMYK: C26, M95, Y89, K23
  - PANTONE: 7622 C

**Прилог 5**

EA MLA потписник
*EA MLA Signatory*

**ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

***Institute for Accreditation of the Republic of North Macedonia***

# СЕРТИФИКАТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА

**Бр.**

***Accreditation Certificate No.***

## Име на телото за оцена на сообразност

***Name of Conformity Assessment Body***

**е акредитиран од**
**Институтот за акредитација на Република Северна Македонија**

**Со овој Сертификат се потврдува дека се исполнети барањата на стандардот:**

## “Стандард”

**за дејностите кои се опишани во прилогот на овој Сертификат кој е означен со ист број.**

***This above-named entity is accredited by Institute for Accreditation of the Republic of North Macedonia.***
***By this Certificate the fulfilment of the requirements of the standard***
***“Standard”***
***is acknowledged for the field of accreditation in its full scope as described in the Annex to this Certificate marked with the same number.***

## Директор

***Director***

## Име и презиме

***Name and Surname***

**Дата на доделување на акредитацијата/*Date of the initial accreditation*:**

**Дата на реиздавање/*Reissuing Date*:**

**Важи до/ *Valid until*:**

Забелешка: Доколку акредитираното тело е лабораторија за тестирање, медицинска лабораторија, лабораторија за калибрација или инспекциско тело, за што ИАРСМ има потпишан ILAC MRA договор, изгледот на сертификатот ќе биде како на следнава слика:

ЕА MLA потписник
*EA MLA Signatory*

**ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

***Institute for Accreditation of the Republic of North Macedonia***

# СЕРТИФИКАТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА

**Бр.**
***Accreditation Certificate No.***

## Име на телото за оцена на сообразност

***Name of Conformity Assessment Body***

**е акредитиран од**
**Институтот за акредитација на Република Северна Македонија**

**Со овој Сертификат се потврдува дека се исполнети барањата на стандардот:**

**“Стандард”**

**за дејностите кои се опишани во прилогот на овој Сертификат кој е означен со ист број.**
***This above-named entity is accredited by Institute for Accreditation of the Republic of North Macedonia.***
***By this Certificate the fulfilment of the requirements of the standard***
***“Standard”***
***is acknowledged for the field of accreditation in its full scope as described in the Annex to this Certificate marked with the same number.***

**Директор**
***Director***
**Име и презиме**
***Name and Surname***

**Дата на доделување на акредитацијата/*Date of the initial accreditation*:**

**Важи до/ *Valid until*:**

**Дата на реиздавање/*Reissuing Date*:**

Забелешка: Доколку акредитираното тело е сертификационо тело за производ/процес/услуга или сертификационо тело за менаџмент системи, за што ИАРСМ има потпишан IAF MLA договор, изгледот на сертификатот ќе биде како на следнава слика:

EA MLA потписник
*EA MLA Signatory*

**ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

***Institute for Accreditation of the Republic of North Macedonia***

# СЕРТИФИКАТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА

**Бр.**

***Accreditation Certificate No.***

## Име на телото за оцена на сообразност

*Name of Conformity Assessment Body*

**е акредитиран од**
**Институтот за акредитација на Република Северна Македонија**

**Со овој Сертификат се потврдува дека се исполнети барањата на стандардот:**

## “Стандард”

**за дејностите кои се опишани во прилогот на овој Сертификат кој е означен со ист број.**
***This above-named entity is accredited by Institute for Accreditation of the Republic of North Macedonia.***
***By this Certificate the fulfilment of the requirements of the standard***
***“Standard”***
***is acknowledged for the field of accreditation in its full scope as described in the Annex to this Certificate marked with the same number.***

**Директор**
***Director***
**Име и презиме**
***Name and Surname***

**Дата на доделување-на акредитацијата/*Date of the initial accreditation*:**

**Важи до/ *Valid until*:**

**Дата на реиздавање/*Reissuing Date*:**

## Прилог 6

## Услови за употреба на ILAC MRA знакот

### *Употреба на ILAC MRA знакот од страна на ИАРСМ*

ИАРСМ мора да го користи ILAC MRA знакот само во комбинација со сопственото лого, како комбиниран знак.

Комбинираниот знак на ILAC MRA, ИАРСМ може да го користи на сертификатите за акредитација за лабораториите за тестирање, лабораториите за калибрација, медицинските лаборатории и инспекциските тела, на интернет страната, на меморандуми и на промотивни материјали.

Деталите за начинот на употреба на ILAC MRA знакот од страна на ИАРСМ се дефинирани во Договорот за употреба на ILAC MRA знакот потпишан помеѓу ILAC и ИАРМ (AGREEMENT FOR USE OF THE ILAC MRA–MARK BETWEEN ILAC AND IARM ) IARM ILAC-R7-F1-05-2015-ILACMRAMARKAGREEMENT 2015 06 20.

### *Употреба на комбинираниот знак ИАРСМ&ILAC MRA од страна на акредитираните лаборатории за тестирање, лаборатории за калибрација, медицински лаборатории и инспекциски тела*

ИАРСМ е овластен односно има право да го пренесе/признае правото на употреба на комбинираниот знак ИАРСМ&ILAC MRA на акредитираните тела за оцена на сообразност во согласност со склучениот Договор и Правилата на ILAC за употреба на ILAC MRA знакот. За таа цел акредитираните тела (лаборатории за тестирање, лаборатории за калибрација, медицински лаборатории и инспекциски тела) треба да поднесат писмено барање за стекнување на право на употреба на комбинираниот знак до ИАРСМ по што се пристапува кон потпишување на Договор за употреба на комбинираниот знак ИАРСМ&ILAC MRA ОБ 05-26-1 кој договор е по својата суштина е договор за подлиценцирање (Sub Licence agreement).
Комбинираниот знак ИАРСМ&ILAC MRA (во натамошна употреба: комбиниран знак) се состои од: знакот за акредитација на телото за оцена на сообразност кој што му го доделува ИАРСМ и знакот ILAC MRA (регистрирана и заштитена трговска марка).

## Изглед на комбинираниот знак













Комбинираниот знак му се доставува на акредитираното тело, по потпишување на Договорот за употреба на комбинираниот знак ИАРСМ&ILAC MRA помеѓу ИАРСМ и акредитираното тело за оцена на сообразност.
По потпишување на Договорот, телото е должно да достави примерок за изгледот на комбинираниот знак кој ќе го употребува на своите документи со точно определена позиција и изглед на елементите. Телото може да започне да го употребува знакот, само по писмено одобрување на примерокот од страна на ИАРСМ. Телото не смее да започне да го употребува комбинираниот знак без претходно одобрување од страна на

ИАРСМ. Доколку телото има потреба да го промени изгледот на претходно одобрениот знак, телото е должно од ИАРСМ да побара повторно одобрување за негова употреба.
Акредитираното тело за оцена на сообразност (лаборатории за тестирање, лаборатории за калибрација, медицински лаборатории и инспекциски тела) не смее да го користи само ILAC MRA знакот самостојно, туку има право и е должно да го користи само комбинираниот знак, со пропишаниот изглед и позиција на знаците како што е дадено на сликата горе, со јасна читливост и видливост на знаците и нивната текстуална содржина. Секој поинаков начин на употреба на знакот и негова репродукција ќе претставува негова неправилна употреба.
Комбинираниот знак може да се користи само во врска со активностите за кои што телото е акредитирано, а кои се во рамки на опсегот на потпишаниот ILAC MRA договор, односно акредитација на лаборатории за тестирање, лаборатории за калибрација, медицински лаборатории и инспекциски тела.
Комбинираниот знак може да се користи на меморандуми, понуди за работа, промотивни материјали, интернет страни.
Документите за сообразност, кои ги издава акредитираното тело за активности од опсегот на акредитацијата што му ја доделил ИАРСМ, по правило, треба да го содржат комбинираниот знак или текстуално повикување на статусот на ИАРСМ како потписник на ILAC MRA договорот.
Комбинираниот ИАРСМ&ILAC MRA знак или повикување на статусот на ИАРСМ како потписник на ILAC MRA договорот, не смеат да бидат содржани во документи за сообразност кои не содржат акредитирани резултати. Резултатите од неакредитираните активности мора јасно да се разликуваат т.е да бидат јасно и видливо означени како неакредитирани за да може да бидат вклучени во документите за сообразност кои содржат резултати од акредитирани активности и на кои е истакнат комбиниран ИАРСМ&ILAC MRA знак или се повикуваат на статусот на ИАРСМ како потписник на ILAC MRA договорот. Доколку документите за сообразност содржат само резултати од неакредитирани активности, на нив не смее да биде истакнат комбинираниот ИАРСМ&ILAC MRA знак и не е дозволено да се повикуваат на статусот на ИАРСМ како потписник на ILAC MRA договорот.
Акредитираните лаборатории за тестирање, лаборатории за калибрација, медицински лаборатории и инспекциски тела не смеат да им дозволат на своите клиенти да го користат комбинираниот знак, ниту да се повикуваат на статусот на ИАРСМ како потписник на ILAC MRA договорот.
Начинот на употреба на комбинираниот знак од страна на акредитираните лаборатории за тестирање, лаборатории за калибрација, медицински лаборатории и инспекциски тела и ИАРСМ правата и обврските се дефинираат во Договор за употреба на ILAC MRA-знакот помеѓу ИАРСМ и акредитираните лаборатории за тестирање, лаборатории за калибрација, медицински лаборатории и инспекциски тела.
Акредитираното тело за оцена на сообразност потписник на договорот е должно да ги обезбеди сите докази за начинот на употреба на комбинираниот знак, за што подлежи на континуирана контрола од страна на ИАРСМ и на барање на ИАРСМ истите е должно да му ги обезбеди на увид.

## Прилог 7

## Услови за употреба на IAF MLA знакот

### *Употреба на IAF MLA знакот од страна на ИАРСМ*

ИАРСМ мора да го користи IAF MLA знакот само во комбинација со сопственото лого, како комбиниран знак.
Комбинираниот знак на IAF MLA, ИАРСМ може да го користи на сертификатите за акредитација за телата за сертификација, на интернет страната, на меморандуми и на промотивни материјали.
Деталите за начинот на употреба на IAF MLA знакот од страна на ИАРСМ се дефинирани во потпишаниот Договор за употреба на IAF MLA знакот помеѓу ИАФ и ИАРМ (AGREEMENT FOR USE OF THE IAF MLA MARK BETWEEN IAF INC.AND IARM)

### *Употреба на комбинираниот знак ИАРСМ&IAF MLA од страна на акредитираните тела за сертификација*

ИАРСМ е овластен (лиценциран) корисник на IAF MLA знакот и има право да го пренесе правото на употреба на комбинираниот знак ИАРСМ&IAF MLA на акредитираните тела за оцена на сообразност во согласност со склучениот Договор и Правилата на IAF за употреба на IAF MLA знакот. За таа цел акредитираните тела за сертификација треба да поднесат писмено барање за стекнување на право на употреба на комбинираниот знак до ИАРСМ, по што се пристапува кон потпишување на Договор за право на употреба на комбинираниот знак ИАРСМ&IAF MLA ОБ 05-26-2 кој договор по својата суштина е договор за подлиценцирање (Sub Licence agreement).

Комбинираниот знак ИАРСМ&IAF MLA (во натамошна употреба: комбиниран знак) се состои од: знакот за акредитација на телото за оцена на сообразност кој што му го доделува ИАРСМ и знакот IAF MLA (регистрирана и заштитена трговска марка).

## Изглед на комбинираниот знак

Комбинираниот знак му се доставува на акредитираното сертификационо тело по потпишување на Договорот за употреба на IAF MLA знакот помеѓу ИАРСМ и акредитираното тело за сертификација.
Со потпишување на Договорот ОБ 05-26-2, акредитираното тело за сертификација не смее да го користи само IAF MLA знакот самостојно, туку има право и е должно да го користи само комбинираниот знак, како што е дадено на сликата горе.
Комбинираниот знак може да се користи само во врска со активностите за кои што сертификационото тело е акредитирано, а кои се во рамки на опсегот на потпишаниот IAF MLA договор, односно акредитација на тела за сертификација на производи и менаџмент системи (QMS, EMS, OH&SMS).
Комбинираниот знак акредитираното тело за сертификација може да го користи на меморандуми, понуди за работа, промотивни материјали, интернет страни.

Акредитираните тела за сертификација на производи не смеат да го ставаат комбинираниот знак на сертификатите за сертификација на производи. Акредитираните тела за сертификација на производи не смеат да им дозволат на своите клиенти да го користат комбинираниот знак.
Акредитираното тело за сертификација потписник на договорот е должно да ги обезбеди сите докази за начинот на употреба на комбинираниот знак, за што подлежи на контиунирана контрола од страна на ИАРСМ и на барање на ИАРСМ да му ги обезбеди истите на увид.
Начинот на употреба на комбинираниот ИАРСМ&IAF MLA знак од страна на акредитираните тела за сертификација и правата и обврските се дефинираат во Договор за право на употреба на комбинираниот ИАРСМ&IAF MLA знак помеѓу ИАРСМ и акредитираното тело за сертификација.